**ПРОГРАМА**

**ЗА БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА**

**2015-2016**

**помеѓу**

**Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија**

**и**

**ГИП Интернационал**

**Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција**

## ВОВЕД

Оваа програма за соработка спаѓа во рамките на продолжувањето на претходните програми потпишани помеѓу ГИП Интернационал (Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција) и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

Како прва земја од Балканот што потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА) со Европската Унија (2001), Република Македонија има кандидатски статус од декември 2005 година и од 2007 година може да го користи новиот инструмент за претпристапна помош (ИПА).

Првата програма за соработка помеѓу ГИП Интернационал и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија беше потпишана во 2006 година. Соработката остварена во рамките на оваа прва програма за соработка овозможи да се зацврсти заемниот интерес на француските и македонските партнери во однос на техничка соработка во областа на вработувањето и професионалната обука.

Втората програма за соработка беше потпишана во 2007, со цел да се интензивира и направи долготрајна оваа соработка во областа на трудот (здравје и безбедност при работа и нелегална работа) и вработувањето, насочувајќи ја особено поддршката кон транспонирање на европските директиви, користење на ЕСФ од страна на јавните служби за вработување.

Со оглед на корисните искуства од втората програма, третата програма за соработка за периодот 2009-2011 година особено се концентрираше на зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд на Република Македонија во полето на здравјето и безбедноста при работа, бројни директиви на Европската Унија беа транспонирани во македонското законодавство и се пристапи кон нивна имплементација.

Четвртата програма за соработка за 2011 година, со проекции и за 2012 година, се потпиша и спроведе во континуитет на претходните заемни заложби на полето на трудот (здравје и безбедност при работа), но и со едно големо проширување на полето на вработувањето и професионалната обука.

По успешното спроведување на четвртата програма се појави потребата од склучување на нова програма за соработка. Така, во октомври 2012 година, се потпиша петтата Програма за соработка со ГИП Интернационал – Франција, која што беше најмногу фокусирана на областа *труд*:

- поддршка за транспонирање на европските директиви во делот на безбедност и здравје при работа
- засилување на капацитетите на инспекторите

и *вработување:*

- стратешка поддршка за европска интеграција преку проширување на знаењата за ЕУРЕС и мобилноста на работната сила
- користење на ЕСФ од страна на јавните служби за вработување
- политики за вработување и засилување на ефикасноста на АВРМ преку развивање на алатки во служба на посредувањето
- информациски системи на пазарот на трудот
- развивање на самостојноста на барателите на работа

Активностите за соработка со ГИП Интернационал пред сѐ имаат за цел да ги придружуват општествените промени што се јавуват како резултат на процесот на проширување на Европската унија со нови членки. Овој процес на проширување несомнено создава нови потреби кај засегнатите земји особено во областа на социјалната политика. Со цел да им излезе во пресрет на новите потреби на земјите кандидатки во областа на социјалната политика, ГИП

Интернационал ги насочи своите активности кон споделување на демократските практики, почитување на социјалните норми, промовирање на концепт за развој заснован на социјален дијалог, поддршка на политиките за обука насочени кон вработувањето, борба против сиромаштијата, дискриминацијата и социјалната исклученост.

Активностите во рамките на соработката помеѓу ГИП Интернационал (Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција) и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, која започна во 2006 година, се усогласени со стратешките цели дефинирани од страна на македонската Влада во областа на трудот, вработувањето, безбедност и здравје при работа и професионалната обука.

Оваа соработка имаа за цел да му обезбеди на македонското Министерство за труд и социјална политика техничка помош што може да го поддржи и олесни структурниот развој, кој станува неопходен поради националната и меѓународната економска и социјална средина. Освен тоа, соработката помеѓу ГИП Интернационал и македонското министерство има и за цел да придонесе кон приближување на македонското законодавство и политики кон европските норми.

Според потребите на Министерството за труд и социјална политика и во координација со ГИП Интернационал-Франција, во оваа Програма се предвидени активности кои спаѓат во рамките на однапред дефинираните стратешки политики во областите на трудот и вработувањето, а во исто време ќе бидат и продолжување на спроведувањето на започнатите проекти во наведените области.

Со соработката во областа на безбедност и здравје при работа, ГИП Интернационал му обезбедува континуирана техничка поддршка на Државниот инспекторат за труд на Република Македонија со цел усогласување на македонското законодавство со европските директиви за здравје, заштита и безбедност на вработените. Така, во 2008, 2009, 2010 и 2011 година, беа спроведени активности за транспонирање и имплементирање на европските директиви.
Освен оваа техничка поддршка, ГИП Интернационал со своите активности даде голем придонес за зајакнувањето на капацитетите на инспекторите за труд.
Во оваа Програма се предвидени две активности во областа на безбедност и здравје при работа.
Првата активност ќе биде организирана во Франција со цел да се финализира обуката за инспекторите за безбедност и здравје при работа во областа на превенција од хемиски ризици, како продолжување на семинарот за поддршка реализиран во Македонија во рамките на претходната програма.
Втората активност ќе биде организирана во Македонија како семинар за размена на добри практики во однос на управувањето со системот за безбедност и здравје при работа преку различните димензии на превенцијата од професионални ризици: состојба и предизвици во врска со превенција на несреќи при работа и професионални болести, улога на различните чинители во и надвор од претпријатието, контрола, информирање и подигнување на свеста, обука и секторски пристапи.

Од досегашната соработка помеѓу ГИП Интернационал и Агенцијата за вработување на Република Македонија во делот *вработување* се постигнати бројни резултати. Преку реализирање на разни активности, обуки и студиски посети, вработените во Агенцијата за вработување обезбедија развивање и стекнување на нови вештини по однос на повеќе теми, како на пример : работата и работните задачи на советниците на ЕУРЕС и неопходните материјални услови, подготовка на Агенцијата за вработување за вклучување кон мрежата на ЕУРЕС, мобилноста на работната сила, планирање, следење и мониторинг на проектите финансирани преку странски донатори и др.
Исто така, студиските посети реализирани во рамките на досегашната соработка им дадоа можност на вработените на Агенцијата за вработување да се запознат со активностите и искуствата на службите за вработување на Франција во спроведувањето на активните политики за вработување, особено во делот на методологијата на работа и услуги на работодавачите.

Стекнатите сознанија и примери од реализираните студиски посети ќе придонесат за зголемување на обемот и квалитетот на планирањето, спроведувањето и следењето на услугите за поддршка на барателите на работа, како и соработката со работодавачите.
Од особена важност се проектите кои обезбедија поддршка на Агенцијата за вработување во областа на комуникацијата и односите со претпријатијата и барателите на работа. Така, во 2014 година, Агенцијата за вработување организираше инфо средби со млади лица, форум со работодавачи и досега организираше два саеми за вработување од вкупно четири планирани саеми до крајот на годината. Од размената на искуствата, Агенцијата за вработување презема дополнителни активности со цел понатамошно развивање на овие услуги. Во текот на 2014 година, Агенцијата за вработување продолжи со континуираното надградување на своите услуги, креирајќи соодветни техники и методи за работа со барателите на работа и работодавачите. Таа е клучниот медијатор за поврзувањена понудата и побарувачката на работната сила, а со тоа има значајно влијание врз унапредувањето на функционирањето на пазарот на трудот во земјата и воедно придонесува за намалување на структурната неусогласеност меѓу побарувачката и понудата на пазарот на труд.

## СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА 2015-2016

Оваа програма треба да биде во склад со очекуваните резултати во рамките на компонентата на ИПА за развој на човечки ресурси и содржи две стратешки оски што ја структурираат активноста на чинителите околу повеќегодишни проекти во областа на трудот и вработувањето, според очекувањата на македонските власти.

Спроведувањето на стратешките оски се расчленува на годишни програми за 2015 и 2016 година, коишто ги прецизираат активностите што треба да се спроведат за да се реализираат општите зацртани цели и работните календари. Овие активности спаѓаат во четирите области на понуда на услуги на ГИП Интернационал за развој на политики во двете полиња на делување што го засегаат, и тоа:

- Институционална поддршка
- Осмислување на обука
- Развој на вештини
- Развој на алатки

Следењето на реализацијата на програмата ќе се врши на координиран начин. Секоја активност ќе биде опфатена во извештај напишан од експертите и одобрен од ГИП, кога станува збор за мисиите, и од страна на македонското Министерство за труд и социјална политика кога се работи за студиските посети. Една годишна проценка ќе биде заеднички составена од страна на раководителите на проекти и ќе овозможи да се измери напредокот на повеќегодишната програма, но и да се измени истата доколку е потребно.

Оваа соработка може да бара од една или друга страна да стави на располагање информации и документи без да е потребно да се организира посета на експерти. Овие размени на информации, кои се почести и тесно поврзани со развојот на информациските технологии, се во надлежност на раководителите на проектите.

За сите активности предвидени во програмата, општите услови за реализација на активностите се следните:

- **<u>Реализација на мисии во Македонија</u>**

За Франција, ГИП Интернационал се обврзува да се погрижи за:

- Испраќање на француски експерти во Република Македонија и финансиско покривање на нивното повратно патување;
- Дневници што се исплаќаат на експертите за трошоците поврзани со престојот (хотел, храна, превоз за лични потреби);

- Превод од француски кон македонски јазик на материјалите потребни за реализација на мисиите;
- Толкување од француски кон македонски и од македонски кон француски јазик.

За Република Македонија, Министерството за труд и социјална политија се обврзува да се погрижи за:
- Подготовка на работната програма, организација на семинар и средби;
- Локален трансфер на француските експерти неопходен за реализација на програмите;
- Резервација на хотелски соби.

- **Реализација на студиски посети во Франција**

За Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика се обврзува да се погрижи за:
- Испраќање на македонските експерти во Франција и финансиско покривање на нивното повратно патување.

За Франција, ГИП Интернационал се обврзува да се погрижи за:
- Подготовка на работната програма и средбите;
- Резервација и плаќање на хотелските соби на членовите на делегацијата;
- Покривање на сите трансфери на македонските членови на делегацијата, неопходни за реализација на програмите;
- Покривање на трошоците за храна за македонските експерти и толкувачот;
- Превод од француски кон македонски јазик на материјалите потребни за реализација на студиските посети;
- Придружување од страна на толкувач и толкување од француски кон македонски и од македонски кон француски јазик.

ГИП Интернационал ќе му ги пренесе на секој македонски член на делегацијата сите детали во однос на организацијата на пречекот.

## Извештаи од мисиите

Извештај од мисијата се составува од страна на француските експерти по секоја мисија во Македонија, во контакт со македонскиот раководител на проект, и од страна на македонската делегација, а во контакт со францускиот раководител на проект по секоја студиска посета во Франција. Неговата содржина овозможува размена помеѓу експертите и раководителите на проекти со цел да се дојде со заеднички согледувања и препораки. По секоја студиска посета во Франција, извештајот се испраќа во рок од еден месец од страна на македонскиот партнер до ГИП Интернационал. По секоја мисија во Македонија, извештајот се испраќа од страна на францускиот раководител на проектот до одговорното лице во ГИП Интернационал, кој го препраќа, заедно со своите забелешки, доколку ги има, до македонската страна, во рок од еден месец.

## Координација и евалуација

Страните се согласуваат да одржуваат редовна и коректна размена помеѓу раководителите на проекти од една страна, ГИП Интернационал и Министерството за труд и социјална политика од друга страна. Средишна проценка се прави барем еднаш годишно со учество на раководителите на проектите, како и на крајот на предвидениот период.
ГИП ќе се погрижи за преводот на Програмата за соработка на македонски.
За координација на спроведувањето на програмата, ГИП Интернационал и Министерството за труд и социјална политика ќе назначат лица за контакт.

❖ За Министерството за труд и социјална политика во Македонија:
Г-н Рефет АМЕТИ, тел: 00 **389 2 3106 294** Факс: 00 **389 2 3106 294** (исто)

Е-пошта : RAmeti@mtsp.gov.mk

❖ За Франција:
Г-ѓа Корин ПЛАКТОР, тел: 00 33 144 38 34 21 Факс: 00 33 144 38 34 90
Е-пошта: corinne.plaktor@gipinter.travail.gouv.fr

# ОБЛАСТ ТРУД

МАКЕДОНИЈА
ПРОГРАМА 2015-2016

**Стратешка оска на поврзување: Поддршка за развивање и ефективна имплементација на Системот за управување со безбедност и здравје при работа (СУБЗР)**

Се работи за обезбедување на продолжение на активностите предвидени во областа на безбедноста и здравјето при работа, преку интерсекторски активности, водени пред сè од Министерство за труд и социјална политика, односно Државниот инспекторат за труд и Министерство за здравство.

Исто така се работи за развој на компетенциите на Инспекторатот за труд, на социјалниот дијалог и развој на партнерства со претставници на работниците, работодавачите и нивните организации, како и експертската и професионална заедница и невладини организации.

**Наслов на проектот:** Управување со безбедност и здравје при работа

**Активност бр. 1:** Одлагање на активноста **МКД 1.1.2.0.1.** од програмата 2012-2014: студиска посета во Франција како продолжение на семинарот за поддршка на развојот на методологија за интервенција и контрола на работното место од страна на инспекторатот за труд во областа на превенција од хемиски ризици.

**Активност бр.2 МКД 11101:** Мисија во Македонија во форма на семинар за размена на искуства и добри практики во однос на системот за безбедност и здравје при работа во областа на заштита од професионални ризици.

**Раководители на проектот:**

Франција: Даниел Гзирау, Раководител на Одделот за партнерства
ИНТЕФП, Национален институт за труд, вработување и професионална обука
Тел: (33) 4 78 87 49 84, Факс: (33) 6 72 27 88 56
daniel.xirau@travail.gouv.fr

Земја- партнер: Република Македонија,
Слаѓана Андоновска, Раководител на Сектор за безбедност и здравје при работа;
Тел: 00 389 2 3116 110
Е-пошта: slagjana.andonovska@mtsp.gov.mk

**Опис на проектот:**
Проектот се темели на фактот дека чувањето и унапредувањето на здравјето на работниците е едно од основните човекови права и предуслов за успешна работа и оптимална продуктивност во претпријатијата. Проектот треба да придонесе на подигнување на свеста на работниците и работодавачите за безбедноста на работното место, односно спречување на смрт, повреди и нарушено здравје како последица на работата.

Тој содржи два дела во форма на 2 активности:

- Прва активност организирана во Франција со цел да се финализира обуката на инспекторите за труд во областа на превенција од хемиски ризици, како продолжение по семинарот за поддршка реализиран во Македонија во рамките на претходната програма.
- Втора активност со цел организирање во Македонија на семинар за размена на искуства и добри практики во однос на системот за безбедност и здравје преку различните димензии на заштита од професионални ризици.

Состојба и предизвици во однос на спречување на несреќи при работа и професионални болести.

Улога на различните чинители, внатрешни и надворешни за претпријатието.

Контрола, информирање, подигнување на свеста, обука, секторски пристап.

**Комплементарност со други проекти во програмата:**

Државниот инспекторат за труд и Министерство за здравство, работодавачите и нивните организации, како и експертската и професионална заедница и невладини организации.

**Општи цели:**

- вклучување на сите релевантни чинители во постигнување на модерен, ефективен и ефикасен систем на безбедност и здравје при работа во Република Македонија
- намалување на повредите на работа и професионалните заболувања што ќе има позитивно влијание врз економскиот раст и развој
- создавање на нови работни места во нашата земја

**Очекувани резултати:**

- Запознавање и развој на вештини кај инспекторите за труд за вршење контрола на потребните минимални услови во однос на здравје и безбедност при работа во областа.
- Зголемување на свеста на работодавачите и работниците за безбедноста при работа, преку обука за законските и подзаконските акти од областа на безбедност и здравје при работа и практики од извршените инспекциски надзори во Република Македонија и Република Франција.
- Зголемување на превенција од повреди при работа, проценка на ризик за секое работно место и работна средина, употреба на лична заштитна опрема, превентивни мерки за здравјето на работниците преку извршување на здравствени прегледи и обуки за безбедност при работа.

**Соодветни обврски за секоја од страните:**

Извештај по враќањето од секоја мисија или пречек (што ќе го содржи бројот и позицијата на лицата со кои се остварени средби).

**Предуслови** (услови што треба да се почитуваат пред реализацијата на активноста):

Обезбедување на простор за одржување на семинарот и евентуално разменување на информации и документи од областа на Системот за управување со безбедност и здравје при работа(СУБЗР), дефинирање на целната група, обезбедување на толкување француски – македонски.

**Експерти што имаат излагања:**

- Активност бр.1 МКД 11201: Студиска посета во Франција: инспектори определени од Државниот инспекторат за труд (ДИТ) и Министерството за труд и социјална политика (МТСП) коишто присуствувале на семинарот за поддршка во Македонија и 1 толкувач.
- Активност бр.2 МКД 11101: Мисија во Македонија, 2 француски експерти и 1 толкувач.

**Времетраење :**
Активност бр.1 МКД 11201: 5 работни дена
Активност бр.2 МКД 11101: 3 работни дена за мисијата и два дена по пат за секој од експертите.

**Изработка на документи и споделување:** Флаери и извештаи, споделени за време на трипартитните семинари на експерти од Република Франција и претставници од Државниот инспекторат за труд..

**Предвиден календар за проектот :**
Активност бр.1 МКД 11201: прво полугодие од 2015
Активност бр.2 МКД 11101: прво полугодие на 2016

**Квантитативни индикатори или индикатори за влијание:**
Компаративни годишни извештаи за настанати несреќи при работа;
Број на присутни лица обучени од страна на обучувачите;
Број на претпријатија контролирани од страна на инспекторите за труд;
Компаративни извештаи за непреземени мерки за безбедност и здравје при работа од страна на работодавачите

**Инструменти за следење:**
Редовни етапни прегледи во однос на напредувањето на проектот;
Годишен биланс;
Контролна табела.

# ОБЛАСТ ВРАБОТУВАЊЕ

МАКЕДОНИЈА
ПРОГРАМА 2015-2016

**Стратешка оска на поврзување бр.1: Зајакнување на ефикасноста на Агенцијата за вработување на РМ**

**Проект бр.1**: Работилница на тема: „Размена на искуства во врска со интервјуто за утврдување на ситуацијата на барателите на работа и начините на нивно придружување"
Утврдување на ситуацијата и сегментација на понудата за барателите на работа (придружување/профилирање)

**Раководители на проектот:**
Франција: Даниел Ноел-Боне, Раководител на мисија, француска Агенција за вработување/Дирекција за следење, испитување и меѓународни работи, Оддел за меѓународна соработка
Тел: +33 01 40 30 62 12, факс: +33 (0)1 40 30 69 26
Е-пошта: d.noel-bonnet@pole-emploi.fr

Македонија: Горан Петковски Раководител на Одделение за Европски интеграции и други проекти, Агенција за вработување на Република Македонија.
Тел: 00389 2 3111 850 (локал 125)
Факс:00389 2 3111 856
Е-пошта: goran.petkovski@avrm.gov.mk

**Опис на проектот:**
Претставување на француското искуство во врска со понудата на услуги за барателите на работа:
Начини на утврдување на потребите на невработените лица и сегментација на одговорите: од давање информации до различни нивоа на придружување.
Начин на договарање помеѓу барателот и советникот.
Конкретни илустрации на професионалниот однос на индивидуално или колективно придружување.

**Комплементарност со други проекти во програмата:**
Развој на алатки во служба на посредување : Оска 1, Проект 2 од програмата за соработка 2012-2014.

**Општи цели:**
Поддршка на Агенцијата за вработување во областа на профилирањето на невработените лица.

**Очекувани резултати:**
- Стекнување на знаење и надградба на системот на АВРМ во делот на профилирањето
- Идентификување на насоки за активностите на АВРМ и идните начини за соработка.

**Соодветни обврски за секоја од страните:**
- Финансиски,човечки ресурси,логистички
- Извештај по враќањето од секоја мисија или пречек (што ќе го содржи бројот и позицијата на лицата со кои се остварени средби).

**Предуслови**:
Обезбедување на простор, заедничко дефинирање на целната група,размена на информации и документи, обезбедување на толкување француски – македонски.

**Експерти што имаат излагања:**
2 експерти од Франција и толкувач во Македонија
Слушатели: лица кои не учествувале во претходните сесии. Работилница во форма на активно учество, надвор од работното место.

**Место на одржување :**
Република Македонија, Агенција за вработување на РМ

**Времетраење:**
Работилница во траење од 2 дена.

**Изработка на документи и споделување:**
Извештај од мисијата треба да се составува од страна на француските експерти по мисијата во Македонија, во контакт со македонскиот раководител на проектот. По секоја мисија во Македонија, извештајот се испраќа од страна на францускиот раководител на проектот до одговорнотот лице во ГИП Интернационал, кој го препраќа, заедно со своите забелешки, доколку ги има, до македонска страна, во рок од еден месец.

**Предвиден календар за проектот :**
Активноста ќе се реализира во февруари 2015.
Работилницата може да се продолжи во 2016 година преку обука на обучувачи и поддршка за создавањето на алатки.

**Квантитативни индикатори или индикатори за влијание:**
Бројот на лица кои учествуваат во работилницата.
Извештај од мисијата во Македонија, составен од страна на француските експерти, во контакт со македонскиот раководител на проектот.

**Инструменти за следење:**
Подготовка и одобрување на извештаите на крајот на активноста.
Контролна табела за одвивање на активностите.

## Стратешка оска на поврзување: Зајакнување на ефикасноста на Агенцијата за вработување на РМ

**Проект бр.2:**
**Активност МКД 21201:** Спроведување и евалуација на активни програми и мерки во француската јавна служба за вработување: претставување на искуството на Pôle emploi, студија на случај

**Раководители на проектот:**
Франција: Даниел Ноел-Боне, Раководител на мисија, француска Агенција за вработување/Дирекција за следење, испитување и меѓународни работи, Оддел за меѓународна соработка
Тел: +33 01 40 30 62 12, факс: +33 (0)1 40 30 69 26
Е-пошта: d.noel-bonnet@pole-emploi.fr

Република Македонија: Горан Петковски Раководител на Одделение за Европски интеграции и други проекти, Агенција за вработување на Република Македонија.
Тел: 00389 2 3111 850 (локал 125)
Факс:00389 2 3111 856
Е-пошта: goran.petkovski@avrm.gov.mk

**Опис на проектот:**
Во рамките на оваа активност ќе се обучат одговорните лица од секторот за активни програми и мерки за вработување со цел спроведување на евалуација на реализираните активни програми и мерки за вработување на АВРМ.

**Комплементарност со други проекти во програмата:**
Политики за вработување: Оска 1, Проект 4 од програмата за соработка 2012-2014

**Општи цели:**
Претставување на моделот/начинот на спроведување евалуција на активните програми и мерки за вработување на Pôle Emploi. Размена на искуства и истражувања за начините на примена на евалуациски модел на активните програми и мерки од страна на АВРМ.

**Очекувани резултати:**
Обучени најмалку 5 лица од службата на АВРМ за спроведување на евалуација на активните програми и мерки за вработување.

**Соодветни обврски за секоја од страните:**

- Финансиски,човечки ресурси,логистички
- Извештај по враќањето од секоја мисија или пречек (што ќе го содржи бројот и позицијата на лицата со кои се остварени средби).

**Предуслови**:
Обезбедување на простор за одржување на работилницата, заедничко дефинирање на целната група, размена на информации и документи, обезбедување на толкување француски – македонски.

**Експерти што имаат излагања:**
Активност МКД: 2 експерти и 1 толкувач, во Македонија

**Место на одржување :**
Република Македонија, Агенција за вработување на Република Македонија.

**Времетраење:**
4 дена за спроведување на обуката.

**Изработка на документи и споделување:**
Извештај од мисијата се составува од страна на француските експерти по мисијата во Македонија, во контакт со македонскиот раководител на проектот. По секоја мисија во Македонија, извештајот се испраќа од страна на францускиот раководител на проектот до одговорнотот лице во ГИП Интернационал, кој го препраќа, заедно со своите забелешки, доколку ги има, до македонска страна, во рок од еден месец.

**Предвиден календар за проектот :**
Активност МКД, второ полугодие на 2015 година.

**Квантитативни индикатори или индикатори за влијание:**
Бројот на лица кои учествуваат во обуката.
Извештај од мисијата во Македонија составен од француските експерти, во контакт со македонските раководители на проектот.

**Инструменти за следење:**
Подготовка и одобрување на извештаите на крајот на активноста.

## Стратешка оска на поврзување : Развој на алатки во служба за посредување

**Проект бр.3:**
**Наслов на проектот: Информативна сесија за Методот за регрутирање/вработување преку симулација**

**Активност МКД 22101: Информативна сесија во Франција за Методот за регрутирање/вработување преку симулација**

**Раководители на проектот:**
Франција: ***Pôle emploi и УНЕДИК***

Република Македонија: Горан Петковски Раководител на Одделение за Европски интеграции и други проекти, Агенција за вработување на Република Македонија.
Тел: 00389 2 3111 850 (локал 125)
Факс: 00389 2 3111 856
Е-пошта: goran.petkovski@avrm.gov.mk

**Опис на проектот:** Презентирање на Методот за регрутирање/вработување преку симулација

**Комплементарност со други проекти во програмата:** Стратешка оска 2, Проект 1: „Развој на алатки во служба на посредувањето"од програмата за соработка 2012-2014

**Општи цели:**
Да се развие соодветна методологија и потребни инструменти за работа со невработените лица и работодавачите.

**Очекувани резултати:**
Размена на искуства и позитивни практики во оваа област, со цел да се воведе нов вид услуга во АВРМ за невработените лица и за работодавачите. Пет лица од Агенцијата за вработување запознаени со методот за регрутирање преку симулација

**Соодветни обврски за секоја од страните:**

- Финансиски,човечки ресурси,логистички
- Извештај по враќањето од секоја мисија или превчек (што ќе го содржи бројот и позицијата на лицата со кои се остварени средби).

**Предуслови**:
Обезбедување на простор за одржување на информативната сесија, заедничко дефинирање на целната група,размена на информации и документи, обезбедување на толкување француски – македонски.

**Експерти што имаат излагања:**
Информативна сесија со интервенција на експерти од Франција и толкувач во Македонија.

**Место на одржување :**
Студиската посета продолжи во градот Бурж, Франција со посета на Агенцијата за специјализирани услуги.

**Времетраење:**
4 дена за спроведување на информативната сесија.

**Изработка на документи и споделување:**
По секоја студиска посета во Франција, извештај се испраќа во рок од еден месец од страна на македонскиот партнер до ГИП Интернационал.

**Предвиден календар за проектот :**
Активноста ќе се реализира во првото полугодие на 2016 година .

**Квантитативни индикатори или индикатори за влијание:**
Пет учесници во сесијата од Агенцијата за вработување на Република Македонија.
Извештај од мисијата во Македонија составен од страна на француските експерти во контакт со раководителот на проектот од Македонија.

**Инструменти за следење:**
Подготовка и одобрување на извештаите на крајот на активноста.
Контролна табела за одвивање на активностите.

ПОДГОТОВКА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
Потпишувањето на програмата за соработка ќе биде направено по пат на размена на писма во два примероци на француски и два примероци на македонски.

**Активност МКД 5.0.0.0.1 и МКД 5.0.0.0.2** во декември 2015 и септември 2016.
Со цел да се обезбеди координација, техничкото следење и евалуација на активностите на соработка предвидени во оваа програма, предвидени се вкупно 24 експертски денови (2 работни дена и 2 дена патување за тројцата раководители на мисија – ГИП Интернационал, Pôle emploi, ИНТЕФП или ДГТ).

Во Париз, на 28 јануари 2015 година.

Г-ѓа Мари Агам-Ферие
Директор на ГИП Интернационал

Г. Диме Спасов
Министер за труд и социјална политика на Република Македонија